# НОВА MAGENTA 1 UNLIMITED - ПАКЕТ ОД ФИКСНИ И МОБИЛНИ УСЛУГИ

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ, КАРАКТЕРИСТИКИ И УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

## МОБИЛНИ УСЛУГИ Magenta 1

| Unlimited Premium | Unlimited Extra | Unlimited Start | Basic |
|---|---|---|---|
| **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори и СМС кон сите домашни мрежи<br>**200 минути**<br>кон меѓународни мрежи<br>**НЕОГРАНИЧЕН**[1]<br>супер брз интернет<br>5G[2]<br>**15 GB**[3]<br>роаминг интернет<br>**20 GB**[4]<br>роаминг во Западен Балкан<br>**MAGENTA TV GO**<br>Е-сметка | **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори и СМС кон сите домашни мрежи<br>**НЕОГРАНИЧЕН**[1]<br>супер брз интернет<br>5G[2]<br>**15 GB**[3]<br>роаминг интернет<br>**15 GB**[4]<br>роаминг во Западен Балкан<br>**MAGENTA TV GO**<br>Е-сметка | **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори и SMS кон сите домашни мрежи<br>**НЕОГРАНИЧЕН**[1]<br>супер брз интернет<br>5G[2]<br>**1 GB**[3]<br>роаминг интернет<br>**10 GB**[4]<br>роаминг во Западен Балкан<br>**MAGENTA TV GO**<br>Е-сметка | **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори и SMS кон сите домашни мрежи<br>**10 GB**<br>супер брз интернет<br>5G[2]<br>**100 MB**[3]<br>роаминг интернет<br>**6 GB**[4]<br>роаминг во Западен Балкан<br>**MAGENTA TV GO**<br>Е-сметка |
| ~~1.999 ден.~~<br>**1 x 1.879 ден.**<br>**2 x 1.759 ден.**<br>**3 x 1.739 ден.** | ~~1.399 ден.~~<br>**1 x 1.279 ден.**<br>**2 x 1.159 ден.**<br>**3 x 1.139 ден.** | ~~1.199 ден.~~<br>**1 x 1.079 ден.**<br>**2 x 959 ден.**<br>**3 x 939 ден.** | ~~699 ден.~~<br>**1 x 699 ден.**<br>**2 x 639ден.**<br>**3 x 579 ден.** |

## ФИКСНИ УСЛУГИ

| **M1 Unlimited Premium фиксна** | **M1 Unlimited Extra фиксна** | **M1 Unlimited Start фиксна** | **M1 Basic фиксна** |
|---|---|---|---|
| **НЕОГРАНИЧЕН**[5]<br>супер брз интернет<br>**до 1/1Gbps**<br>**Wi Fi Booster**[6] | **НЕОГРАНИЧЕН**[5]<br>супер брз интернет<br>**до ~~400/200 Mbps~~**<br>**до 1/1 Gbps**[7] | **НЕОГРАНИЧЕН**[5]<br>супер брз интернет<br>**до 100/50 Mbps** | **300 GB**<br>брз интернет<br>**до 20/20 Mbps** |
| **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори кон сите домашни мрежи<br>Пакет дополнителни услуги<br>**500 минути**<br>кон меѓународни мрежи | **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори кон сите домашни мрежи | **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори кон сите домашни мрежи | **НЕОГРАНИЧЕНИ**<br>разговори во мрежата на Телеком |
| **MAGENTA TV**<br>~110 ТВ канали +<br>HBO, Cinemax,<br>Sport HD, Extreme,<br>Еден пакет по избор:<br>Pink&Grand+ или Balkan или Alb Kolazh | **MAGENTA TV**<br>~110 ТВ канали +<br>Sport HD, Cinemax, Прва Микс + | **MAGENTA TV**<br>~110 ТВ канали +<br>Sport HD, Cinemax | **MAGENTA TV**<br>~40 ТВ канали |
| Напредни TV функционалности: снимање, паузирање и премотување на програмата, ТВ-тека. | Напредни TV функционалности: снимање, паузирање и премотување на програмата, ТВ-тека. | Напредни TV функционалности: снимање, паузирање и премотување на програмата, ТВ-тека. | Основни TV функционалности |
| **MAGENTA TV GO** | **MAGENTA TV GO** | **MAGENTA TV GO** | **MAGENTA TV GO** |
| Е-сметка | Е-сметка | Е-сметка | Е-сметка |
| ~~2.299 ден.~~<br>**1.999 ден.** | ~~1.899 ден.~~<br>**1.599 ден.** | ~~1.599 ден.~~<br>**1.399 ден.** | ~~1.399 ден.~~<br>**1.199 ден.** |

[1]За Magenta 1 Unlimited Extra и Premium важи Политика на фер користење – 500 GB. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.

[2]5G услугата е автоматски достапна. За да ја користите 5G мрежата на тарифите наведени погоре каде што е достапна, треба: да се наоѓате во област со 5G покриеност, да имате 5G уред со соодветна надградба на софтверот која ја обезбедува производителот на уредот и мрежното подесување на уредот да е поставено на 5G.

[3]Вклучениот роаминг интернет е достапен во истите оператори и земји во кои важи Интернет Свет пакетот. Кога ќе се потроши, услугата се прекинува и корисникот може да продолжи да користи интернет ако активира платен роаминг пакет. Македонски Телеком го задржува правото за промена на земјите и операторите вклучени во тарифните модели. Повеќе детали на www.telekom.mk

[4]Во Magenta 1 Unlimited тарифите вклучена е дополнителна количина мобилен интернет кој може да се користи во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина): 6 GB мобилен интернет во Magenta 1 Basic, 10 GB мобилен интернет во Magenta 1 Unlimited Start, 15 GB мобилен интернет во Magenta 1 Unlimited Extra и 20GB во Magenta 1 Unlimited Premium. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком или на www.telekom.mk.

[5] Важи Политика на фер користење: 3 TB во M1 Unlimited Start фиксна, 6 TB во M1 Unlimited Extra фиксна, 10 TB во M1 Unlimited Premium фиксна.

[6] Wi Fi Booster-от во M1 Unlimited Premium фиксна е достапен на барање на корисник, се подига од продажен салон и е без дополнителен надомест во период од 24 месеци. По истек на тој период се наплаќа по редовна цена од 99 ден./месечно. Количините се ограничени.

[7]Брзината од 1/1 Gbps во Magenta 1 Unlimited Extra е достапна за корисниците на оптика, 24 месеци од активирањето и се активира преку Magenta Moments во апликацијата Telekom MK до 31.05.2026 година.

Magenta 1 е комбиниран пакет, кој се состои од користење на јавни фиксни и мобилни услуги, интернет пристап и телевизија преку интернет проток, преку мрежата на Македонски Телеком на следниве тарифни модели:

- M1 Unlimited Premium фиксна, M1 Unlimited Extra фиксна, M1 Unlimited Start фиксна, M1 Basic фиксна
- Magenta1 Unlimited Premium, Magenta1 Unlimited Extra, Magenta1 Unlimited Start, Magenta1 Basic

Пречкртаните цени се однесуваат на месечните претплати за соодветните тарифни модели во споредбеното Mobile и Internet&TV портфолио и се користат како референтни за прикажување на попустот кој го добиваат корисниците со користењето на Magenta 1 во однос на овие самостојни услуги сами по себе.

Задолжително е користењето на најмалку една мобилна постпејд претплатничка линија и фиксни услуги кои се комбинација од фиксен интернет, телевизија и говорни услуги.

1. Минимален сет на услуги кои корисникот мора да ги одбере како составен дел од Magenta 1 пакетот: 1 мобилна линија + 1 фиксна услуга.
2. Корисникот може да одбере било која комбинација на мобилни услуги + фиксна услуга според своите потреби.
3. Magenta 1 пакетот може да содржи најмалку 1, а најмногу 5 постпејд линии на Magenta1 Unlimited Premium, Magenta1 Unlimited Extra, Magenta1 Unlimited Start или Magenta1 Basic.
4. Доколку корисникот одбере Magenta 1 пакет:
    a. со само една мобилна линија, ќе ја плаќа следнава месечна претплата за таа линија прикажана во табелата погоре (Unlimited Premium: 1.879 ден; Unlimited Extra: 1.279 ден; Unlimited Start: 1.079 ден; Basic: 699 ден )
    b. со комбинација на било кои две Magenta 1 мобилни тарифни модели , ќе ја плаќа следнава месечна претплата за соодветната линија прикажана во табелата погоре (Unlimited Premium: 1.759 ден; Unlimited Extra: 1.159 ден; Unlimited Start: 959 ден; Basic: 639 ден)
    c. со комбинација на било кои три или повеќе Magenta 1 мобилни тарифни модели , ќе ја плаќа следнава месечна претплата за соодветната линија прикажана во табелата погоре (Unlimited Premium: 1.739 ден; Unlimited Extra: 1.139 ден; Unlimited Start: 939 ден; Basic: 579 ден)

5. Попустот на фиксни услуги за избраната опција во Magenta 1 пакет-от се прикажува во однос на соодветниот тарофен модел во самостојното Internet&TV портфолио
6. Корисникот може да направи промена на комбинацијата од Magenta1 Unlimited Premium, Magenta1 Unlimited Extra, Magenta1 Unlimited Start или Magenta1 Basic опциите за секоја услуга посебно најмногу еднаш во период од 30 дена, по тип на услуга

7. Family share услугата е достапна за активирање во Magenta 1 Basic, За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
8. Корисникот има можност за купување смартфони и друга опрема по повластена цена со договор за лојалност со Фамилијарен Буџет. Фамилијарниот буџет се користи во времетраењето на истоимениот договор. Голем избор на телефони по одлична цена со Фамилијарен буџет: https://www.telekom.mk/mobilni-uredi.nspx.
9. Корисник може да поднесе барање за користење на Magenta 1 пакет со времетраење од 24 или неопределено време. Во случај кога барањето е поднесено неопределено време, корисникот се обврзува да плати еднократен надомест од 1.999 денари.
10. Од 1 ноември 2018, на сите нови корисници на Magenta 1 мобилни услуги тарифите им се активира Telekom SafeNet дополнителната услуга, која овозможува безбедност при сурфање на мобилната мрежа на Телеком. Telekom SafeNet се активира автоматски кај сите нови мобилни линии, со бесплатен период од 28 дена. По завршувањето на бесплатниот период, услугата се наплатува 29 денари месечно, за што корисникот се известува со SMS порака.
11. Од 14 ноември 2024, на сите нови корисници на Magenta 1 тарифите им се активира Telekom SafeNet HOME дополнителната услуга за интернет безбедност. Telekom SafeNet HOME се активира автоматски кај сите нови Magenta 1 корисници, со бесплатен период од 28 дена. По завршувањето на бесплатниот период, услугата се наплатува 29 денари месечно, за што корисникот се известува со SMS порака.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

### МОБИЛНИ УСЛУГИ

- Интервалот на тарифирање е на минута.
- Цените за меѓународни разговори по држави се дадени на следниот линк. https://www.telekom.mk/megjunarodni-povici.nspx.
- За вклучените неограничени SMS пораки важи политика за фер користење 10.000 SMS месечно.
- Цената за SMS пораки кон домашни мрежи по надминување на вклучените и кон меѓународни мрежи во Magenta 1 мобилните тарифи е 5,9 денари.
- Вклучените минути/СМС кон други домашни мрежи можат да се користат во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина). За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
- Цената за MMS кон домашни мрежи е 17,7 денари, а кон меѓународни мрежи е 41,3 денари.
- Интервалот на тарифирање на интернетот е 10 kb.
- По искористување на вклучениот интернет во тарифните модели, корисникот може да продолжи да сурфа само доколку активира еден од дополнителните интернет пакети: https://www.telekom.mk/internet-paketi-postpejd.nspx
- Во Magenta 1 Unlimited тарифите вклучена е дополнителна количина мобилен интернет кој може да се користи во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина): 6 GB мобилен интернет во Magenta 1 Basic, 10 GB мобилен интернет во Magenta 1 Unlimited Start, 15 GB мобилен интернет во Magenta 1 Unlimited Extra и 20GB во Magenta 1 Unlimited Premium. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком или на www.telekom.mk.
- При промена на тарифен модел или користење промоција за интернет на истиот тарифен модел, интернет сообраќајот се ресетира и на корисникот му се доделува нова количина интернет, зависно од неговиот избор.
- Magenta TV GO вклучува 20 GB месечно во мобилните линии за следење на ТВ преку смартфон/таблет/лаптоп. По надминување се троши од вклучениот интернет во тарифа. Услугата Magenta TV GO е достапна на максимум 3 вакви уреди за следење едновремено.

### ФИКСНИ УСЛУГИ

- Брзината на пристап на интернет услугата може да зависи од повеќе фактори: брзината на веб страницата на која се пристапува, оптовареноста на глобалната интернет мрежа, конфигурацијата на компјутерот на корисникот, растојанието од локалниот приклучок до мрежната инфраструктура, бројот на TV каналите кои се гледаат/снимаат додека се пристапува на интернет и други. Ако не може да се постигне линиската брзина дефинирана со пакетот, Македонски Телеком АД – Скопје се обврзува да ја испорача највисоката можна брзина, при што минималната брзина на проток на податоци (download/upload) нема да биде помала од 5 Mbps / 512 Kbps (за M1 Basic фиксна); 7,5 Mbps / 512 Kbps (за M1 Unlimited Start фиксна); 30 Mbps / 5 Mbps (за M1 Unlimited Start фиксна) и 500 Mbps / 500 Mbps (за M1 Unlimited Premium фиксна) во 95% од времето во текот на еден месец, во случај кога не е надминат вклучениот интернет сообраќај.

- По надминување на вклучениот интернет сообраќај услугата се прекинува, а во интернет прелистувачот се појавува страница преку која корисникот може да мигрира во пакет со повеќе вклучен интернет сообраќај или да купи пакет дополнителен интернет сообраќај од 100 GB за 199 ден., со важност до крајот на месецот или до искористувањето на вклучениот сообраќај. По искористувањето на сообраќајот од 100 GB, пакетот за дополнителен интернет сообраќај може да се активира повторно.
- Неограничените разговори во мрежата на Телеком во M1 Basic фиксна се однесуваат на повици од фиксната кон мобилната и фиксната мрежа на Телеком. Повиците од фиксните линии кон други дестинации се наплаќаат согласно постојниот ценовник. Во вклучените разговори не влегуваат повиците кон специјалните броеви како 188, 142___, 0500 ___ и др., како и повиците кон други оператори што се наплаќаат по редовните цени.
- Неограничените разговори кон сите мрежи во опциите M1 Unlimited Premium фиксна, M1 Unlimited Extra фиксна и M1 Unlimited Start фиксна се однесуваат на повици од фиксната кон сите фиксни и мобилни мрежи во Македонија. Во вклучените разговори не влегуваат повиците кон специјалните броеви како 188, 142___, 0500 ___ и др., како и повиците кон други оператори што се наплаќаат по редовните цени.
- Меѓународните минути во опцијата M1 Unlimited Premium фиксна се однесуваат на сообраќај од фиксната мрежа кон меѓународни фиксни и мобилни броеви кон зоните: Европа и Свет. По надминување на вклучените 500 минути месечно, важат редовните цени.
- Пакетот дополнителни услуги во опцијата M1 Unlimited Premium фиксна вклучува: Идентификација на повик (CLIP) и Повик на чекање со задржување врска.

## MAGENTA TV КАРАКТЕРИСТИКИ

MagentaTV е нова иновативна ТВ платформа која ви нуди сосема ново,модерно и дигитално ТВ доживување. Телевизија која секој ТВ уред го прави паметен. Овозможува супериорно ТВ искуство и е достпна во новата Magenta 1 со избор на понудените опции за фиксни услуги погоре од табелата. За повеќе детали за услугата проверете на www.telekom.mk.

- M1 Unlimited Start фиксна ги вклучува дополнителните ТВ пакети: Cinemax и Sport HD
- M1 Unlimited Extra фиксна ги вклучува дополнителните ТВ пакети: Cinemax, Sport HD и Прва Микс +
- M1 Unlimited Premium фиксна ги вклучува дополнителните ТВ пакети HBO, Cinemax, Extreme, Sport HD, како и еден од пакетите: Pink&Grand+, Balkan или Tring по избор на корисникот.
- Македонски Телеком АД - Скопје го задржува правото на промена на ТВ каналите. За промените, претплатниците ќе бидат навремено известени.
- Дополнителните ТВ пакети кои не се вклучени во месечниот надомест може да се активираат по избор на корисникот и се наплатуваат дополнително според Ценовникот на Македонски Телеком.
- Со опцијата Basic достапни се следните основни ТВ функционалности: TV водич, родителска контрола, Видеотека.
- Со опциите Start/Extra/Premium достапни се следните напредни ТВ функционалности: TV водич, ТВ-тека, паузирање, враќање назад на програмата во живо и премотување нанапред до моментот на гледање во живо (за каналите каде што е достапна оваа функција), снимање – 60 часа кои се чуваат во период од 60 дена, родителска контрола, пристап до Видеотека.
- Цената на филмовите од Видеотеката зависи од типот на содржината. ТВ-теката содржи емитувана ТВ програма од одредени ТВ канали од последните 7 дена, достапна без да ја снимате.
- Услугата MagentaTV GO е вклучена  на ниво на Magenta 1 пакет и е  достапна на максимум 3 смарт уреди (смартфон/таблет/лаптоп) за следење едновремено. Во секоја од Magenta 1 мобилните линии е вклучен 20 GB месечен интернет сообраќај наменет за следење на MagentaTV GO. За повеќе детали проверете на www.telekom.mk
- Првиот и вториот медија приемник (MagentaTV Box) се без дополнителен надомест, додека од 3-тиот па нагоре, месечниот надомест изнесува 99 ден. по уред.
  За корисници активирани на Max TV условите остануваат непроменети 999 ден за втор применик – еднократно, 139 ден. месечно по уред од трет – пет уред.
- Доколку корисникот сам го инсталира уредот или доколку уредот го инсталира техничко лице од Македонски Телеком <u>во моментот на инсталација на линијата</u>, нема дополнителен надомест.
- Доколку корисникот побара инсталација на уредот од страна на Македонски Телеком, се наплатува еднократен надомест од 799 денари.
- Достапност на дополнителни ТВ приклучоци (MagentaTV Box – ови) во однос на технологијата:
  - Бакар: до 3 ТВ приклучоци
  - Оптика: до 5 ТВ приклучоци

## COOL KIDS ТАРИФЕН МОДЕЛ

| COOL kids<br>**300 минути**<br>**кон сите домашни мрежи**<br>**300 MB**<br>супер брз интернет |
|---|
| 199 ден. |

Cool Kids е мобилна тарифа во достапна само за Magenta 1 корисници која е наменета само за користење на детските Смарт часовници (MyKi Touch или TCL Family Watch).

- За да додаде линија на COOL Kids, корисникот мора да има најмалку 1 мобилна линија на Magenta1 Unlimited Premium, Magenta1 Unlimited Extra, Magenta1 Unlimited Start или Magenta1 Basic
- Во Magenta 1 пакетот може да се додадат до 3 линии на COOL Kids тарифниот модел.

## ОПРЕМА

За правилно функционирање на Magenta 1 пакетите потребни се соодветно инсталирани и конфигурирани уреди за интегриран пристап и медиа приемник. Уредите се во сопственост на Македонски Телеком.

Опремата ја поврзува тим на Македонски Телеком или корисникот.

Упатствата за употреба можете да ги преземете тука: Упатства за употреба

Доколку во процесот на поставување и користење на опремата ви е потребна помош, јавете се на бесплатниот телефонски број 122 во Службата за техничка поддршка на корисници, каде што ќе добиете инструкции за инсталација на опремата.

Операторот се обврзува да обезбеди функционалност на услугата од инфраструктурата на Операторот до излезната приклучна точка на опремата на мрежната завршна точка. Кога опремата на мрежната завршна точка е во сопственост на Операторот, инфраструктурата во сопственост на Операторот завршува со излезната приклучна точка на опремата на мрежната завршна точка. Операторот не одговара за прекин на услугата поради дефект кој настанал помеѓу излезниот порт на опремата на мрежната завршна точка и терминалната опрема на корисникот.

Операторот не одговара за непосакуван сообраќај кој настанал како последица на спам, вируси, поп-ап реклами и сл.

Корисникот се обврзува да ја приклучи опремата која е во сопственост на Операторот според Упатството за инсталација дадено во прилог, на местото на приклучокот кој сам го навел.Доколку не може, корисникот има право да побара техничка помош од Операторот за инсталирање на опремата во сопственост на Операторот, по телефонски пат на 0800 12345, без дополнителен надомест. Корисникот има право да побара техничка помош за инсталирање на опремата од овластени лица на Операторот со дополнителен надомест според Ценовникот на Операторот.

Корисникот е обврзан да не ја поправа или ракува со опремата на мрежната завршна точка на начин кој би довел до нејзино оштетување, да не врши неовластена преконфигурација на опремата, да не прави упади, измами или друг вид на злоупотреба со истата.

Во случај на раскинување на Договорот или Анексот, од кои било причини, како и во случај на престанок на важноста на Договорот или Анексот, корисникот се обврзува да ја врати опремата на мрежната завршна точка на Операторот или да му овозможи на Операторот да ја демонтира и врати опремата на мрежната завршна точка.

Доколку Прептлатникот кој се обврзал на користење на услугите од Magenta 1 во времетраење од 24 месеци го прекине користењето на истите пред истекот на задолжителното времетраење, треба да плати договорна казна за предвремено раскинување во висина од 1.400,00 денари без ДДВ помножени со бројот на месеци што преостануваат до истекот на задолжителното времетраење.

Притоа Претплатникот се обврзува да му овозможи на Операторот да ја демонтира опремата (HGW/ONT/HYBRID HGW) или (HGW/ONT/HYBRID) и STB (Set Top Box). Доколку Претплатникот ја предаде оштетена опремата на мрежната завршна точка, се обврзува да плати надомест на штета во висина од 4.000 / 6.355 / 8.000 денари за HGW/ONT/HYBRID HGW , 5.500 / 8.000 денари за STB без ДДВ. Доколку Претплатникот воопшто не ја предаде опремата на мрежната завршна точка,се обврзува да плати надомест во висина од 4.720/ 7.499 / 9.440 денари за HGW/ONT/HYBRID HGW , 6.490 / 9.440 денари за STB.

## ПОПУСТ НА УРЕДИ

За сите нови и постојни Magenta 1 корисници кои ќе потпишат договор на една или две години, обезбеден е попуст на малопродажните цени на компјутери и компјутерска опрема, телевизори и голем избор други уреди. Покрај попустот, обезбедена е и можност за поедноставено купување, со плаќање на рати (најмногу до 48 рати) преку телефонска сметка.

*Сите дадени цени се со вклучен ДДВ

## ТЕЛЕКОМ ПОВОЛНОСТИ ВО MAGENTA MOMENTS ЗА MAGENTA 1 ТАРИФНИТЕ МОДЕЛИ

Корисниците на Magenta 1 Basic, Unlimited Start, Unlimited Extra или Unlimited Premium тарифите можат да одберат Телеком поволности во зависност од тарифата која ја користат и да ги активираат преку Telekom MK апликацијата во делот Magenta Moments

| | **ТЕЛЕКОМ ПОВОЛНОСТИ** | | |
|---|---|---|---|
| **Magenta 1 Unlimited Premium** | **Magenta 1 Unlimited Extra** | **Magenta 1 Unlimited Start** | **Magenta 1 Basic** |
| 3 GB Роаминг | 3 GB Роаминг | 3 GB Роаминг | 2 GB |
| | | | 24 часа неограничен мобилен интернет |
| | | | Опција Speak Out |
| | | | Опција Stream On |

- Телеком поволностите се достапни за активација исклучиво преку Телеком МК апликацијата во делот Magenta Moments. Се активираат со отклучување на понудата со срца
- Корисникот може да активира повеќе различни поволности во исто време доколку има доволно срца
- Телеком поволностите се достапни без дополнителен надомест и подлежат на промени во зависност од условите на пазарот
- Секој корисник во Magenta 1 може да избере дополнителна придобивка за својата мобилна линија, во зависност дали користи Basic, Unlimited Start, Unlimited Extra или Unlimited Premium тарифа
- Телеком поволностите важат 30 дена од денот на активирање, освен поволноста 24 часа неограничен мобилен интернет која трае 24 часа од активација
- Понудата важи за сите корисници на Magenta 1 Basic, Unlimited Start, Unlimited Extra или Unlimited Premium тарифите